**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, **www.mrt.com.mk**

Врз основа на член 5 став 1, член 6 став 1 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18 и „Службен весник на РС Македонија„ бр.143/19 и 14/20), како и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2015, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/18 и „Службен весник на РС Македонија“ бр.110/19, 267/20 и 151/21), член 3 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2 од 13.11.2020 година и член 60 став 1, алини 9 и 10 од Статутот на ЈРП МРТ бр.01-4454/2 од 16.08.2019 и Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП МРТ бр. 01-4979/3 од 13.11.2020 година и Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радиотелевизија 01-2083/4 од 24.04.2020 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ бр.01-2083/21 од 14.10.2020 година и бр.02-1517/3 од 31.03.2021 година, Директорот на МРТ распишува:

04-5666/
17 11 21

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.13/2021**

за вработување на 1 (еден) давател на јавна услуга на неопределено време во ЈРП Македонска радиотелевизија

ЈРП МРТ објавува јавен оглас за вработување на 1 (еден) давател на јавна услуга на неопределено време за следното работно место:

**ИНФ 03 04 Б01 003 – Новинар 2 во Контактно забавна редакција во Втор програмски сервис на Македонско радио – Радио 2 –** 1 (еден) извршител.

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Високо образование - стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен;
- најмалку три години работно искуство во струката;
- познавање на еден светски јазик.

Неделното работно време на **Новинар 2** се утврдува со работните задачи кои одговараат на полното работно време од 40 часа неделно.

Паричен нето износ на плата: 31.959,00 денари.

*Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се : Македонец(ка) 1*

Рокот за доставување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници и на ВЕБ страната на МРТ .

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, ***www.mrt.com.mk***

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку Архивата на ЈРП МРТ до Одделението за човечки ресурси со назнака „**за јавен оглас број 13/2021**“или преку пошта до ЈРП МРТ булевар Гоце Делчев број 18,1000 Скопје со назнака „**за јавен оглас број 13/2021**“.

Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во Архивата на ЈРП МРТ или на веб страната на ЈРП МРТ www.mrt.com.mk

Со пријавата по огласот кандидатите треба да достават:
- Уверение за државјанство;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Диплома за завршено образование;
- Доказ за работно искуство ;
- Потврда за познавање на светски јазик.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.

Изборот на кандидати ќе се врши во рок од 45 дена, доколку се пријават повеќе од 200 кандидати за едно работно место изборот на кандидати се врши во рок од 60 дена, од 201 до 500 кандидати од 90 дена, над 500 кандидати од 120 дена по истекот на рокот за пријавување.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за вработување формирана од страна на Директорот на ЈРП Македонска радиотелевизија.

Постапката за селекција за вработување на давателите на јавни услуги во ЈРП МРТ се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 - Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 – Интервју.

Јавниот оглас ќе биде објавен во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на ВЕБ страната на МРТ.

Директор на МРТ
Марјан Цветковски

Примерок да се достави до:

- Одделение за човечки ресурси
- Одделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
- Архива на МРТ